27. II. 1989
4134 Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
НА СОЦИЈАЛИ[СТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА]

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 15 февруари 1989
Скопје
Број 5 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 год... ва 40.000 динари. Овој број чини 1.600 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**60.**

Врз основа на членовите 83 и 97 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81 и 20/88) и точка 25 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на носителите на правосудните функции и функционерите и раководните работници во републичките органи и во општествено-политичките организации во Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 16/86 и 40/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 19 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА РАБОТИ И ЗАДАЧИ ПО ГРУПИ

Член 1

Во Листата на работи и задачи по групи што е составен дел на Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/87 и 6/88), се вршат следните измени и дополнувања:

1. Прва група — прва подгрупа се дополнува со работи и задачи:

— секретар на Секретаријатот за информации,

— секретар на Секретаријатот за законодавство 3.400 бода.

2. Прва група — втора подгрупа се дополнува со работи и задачи:

— претседател на Републичката комисија за културни врски со странство 3.300 бода.

3. Втора група — прва подгрупа се дополнува со работи и задачи:

— заменик на секретарот на Секретаријатот за законодавство и заменик на секретарот на Секретаријатот за информации 3.000 бода.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-210/1
19 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**61.**

Врз основа на член 33, став 3 од Законот за административните такси („Службен весник на СРМ", бр. 45/72, 25/84, 31/84, 44/85, 7/88 и 51/88), републичкиот секретар за финансии донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ И ЗА ЛЕПЕЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ НА ВРЕДНОСНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќањето на административните такси и за лепење и поништување на вредносници („Службен весник на СРМ" бр. 19/73, 29/84 и 14/88), во член 1, став 2, точка 1 бројот „1000" се заменува со бројот „5000".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 14-328/1
30 јануари 1989 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
м-р **Методија Тошевски,** с. р

**62.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 18 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ Тарифата бр. 41 од 2 март 1987 година и Тарифата бр. 136/5 од 9 септември 1987 година, донесени од Работничкиот совет на Работната организација за проектирање, комунални услуги и надзор на градба на објекти „Услуга" во Берово како и решенијата бр. 11-556/1 и бр. 11-556/2 за давање согласност на тарифите донесени од Собранието на општина Берово на 2 март и 10 ноември 1987 година, во делот во кој се предвидува тарифите да се применуваат од 1 јануари односно 1 јули 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на општина Берово и во означената работна организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со Решение У. бр. 1/88 од 9 ноември 1988 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 262 од Уставот на СР Македонија односно спротивност со член 551 став 3 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека оспорените тарифи се донесени на 2 март односно на 9 септември 1987 година и дека со член 2 од означените решенија е предвидено тарифите да се применуваат од 1 јануари односно 1 јули 1987 година, со што им се дава повратно дејство.

Според член 262 од Уставот на СР Македонија законите, другите прописи и општи акти не можат да имаат повратно дејство, а само со закон може да се определи одделни негови одредби, ако тоа го бара општиот интерес утврден при донесувањето на законот, да имаат повратно дејство. Согласно член 260 став 2 од Уставот самоуправните општи акти не можат да се применуваат пред да се објават на соодветен начин, а според член 551 став 3 од Законот за здружениот труд во самоуправниот општ акт може да се утврди во согласност со законот, дека тој акт или одделни негови одредби да можат да имаат

повратно дејство само ако тоа го дозволува природата на односите што се уредуваат во тој самоуправен општ акт.

Судот смета дека од Законот за работењето и управувањето на организациите на здружен труд што вршат комунални дејности од посебен општествен интерес („Службен весник на СРМ“ бр. 36/77), и од Законот за општествената контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр 10/85) не е предвидена можност општиот акт со кој се утврдуваат цените на комуналните услуги да имаат повратно дејство.

Од изнесените уставни и законски одредби, според мислењето на Судот произлегува дека повратното дејство на самоуправните општи акти за утврдување на цените на комуналните услуги може да се предвиди само во согласност со законот со кој се уредуваат соодветните односи и ако тоа го дозволува природата на тие односи.

Со оглед на тоа што од означените закони со кои се уредуваат прашањата на цените на комуналните услуги не произлегува можноста тие цени да се применуваат пред нивното утврдување, а со оспорените делови од оспорените акти е предвидено тие цени да се применуваат пред влегувањето во сила на актот со кој се утврдени, Судот утврди дека тие не се во согласност односно се во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука

У. бр. 1/88
18 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**63.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 18 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на член 12 став 1, член 45 и член 47 став 1 од Самоуправната спогодба за заедничките критериуми и мерила за решавање на станбените потреби на работниците во Модната конфекција „Астибо“ во Штип, донесен со референдум на 29 јануари 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената организација на здружениот труд на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на општина Штип со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 12 став 1, член 45 и член 47 став 1 од актот означен во точката 1 на оваа одлука, затоа што е повредено уставното начело на еднаквоста.

4. На седницата, Судот утврди дека во член 12 став 1 од Спогодбата е предвидено од вкупните средства за задоволување на станбените потреби на работниците, со кои самостојно располага работната организација, најмалку 40% да се распоредуваат за изградба, односно купување на станови во општествена сопственост, од кои до 20% се наменети за решавање на станбените потреби на стручните кадри, самохрани родители и самци.

Според став 1 на член 45 од Спогодбата од делот на вкупните средства за решавање на станбените потреби на работниците што се издвојуваат во согласност со член 12 став 1 на оваа спогодба се наменети за решавање на станбените потреби на стручните кадри во организацијата. Решавањето на станбените потреби се врши преку доделување на кредити и доделување на стан на користење во општествена сопственост.

Во член 47 став 1 од Спогодбата е предвидено решавањето на станбените потреби на стручните кадри да се врши и да се остварува во посебна постапка по пат на јавен оглас.

5. Согласно член 84 и член 90 од Законот за здружениот труд работниците го утврдуваат делот од доходот за заедничка потрошувачка од кој се издвојува и дел за задоволување на станбените потреби на работниците, а според член 438 од Законот за здружениот труд и член 42 и 43 став 1 од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88 — пречистен текст) работниците со референдум одлучуваат за основите и мерилата за распределба на средствата за заедничка потрошувачка односно за утврдување на редот на првенството за добивање стан на користење и средства наменети за станбена изградба.

Судот смета дека работниците, во рамките на самоуправното право да одлучуваат за распределбата на средствата за заедничка потрошувачка и за основите и мерилата за утврдување на редот на првенство за добивање станови и станбени кредити, можат да одлучуваат и за тоа кои средства ќе се наменат за решавање на станбените прашања на стручните кадри неопходни за работната организација, како и за самохраните родители и самците и да ја предвидат постапката за распределба на тој дел од средствата.

Со оглед на изнесеното, Судот утврди дека со оспорените одредби од Спогодбата не се повредува уставното начело на еднаквост утврдено во Оддел II алинеја 3 став 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија и дека тие не се во несогласност односно спротивност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 200/87
18 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**64.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 18 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 26 став 3 од Правилникот за заедничките основи и мерила за решавање на станбените прашања на работниците во Основната организација на здружениот труд „Електро-Кичево“ во Кичево, во состав на Работната организација „Електромакедонија“ во Скопје, донесен со референдум на 25 април 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената основна организација на здружениот труд на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија со решение У. бр. 132/88 од 9 ноември 1988 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 16 од правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што при распределба на становите различно се вреднува работниот стаж во и вон основната организација на здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека според член 26 став 3 од Правилникот е предвидено работниот стаж на работникот поминат во друга основна орга-

низација на здружениот труд да се вреднува поинаку од работниот стаж стекнат во основната организација на здружениот труд.

Според член 2 алинеја 3 од Законот за здружениот труд правото на работа со општествени средства, што го стекнува секој работник во здружениот труд, е основа за остварувањето на неговите права, обврски и одговорности во здружениот труд. Согласно член 48 став 1 од овој закон работејќи во здружениот труд со општествени средства работникот создава доход што има општествен карактер. Затоа, според мислењето на Судот, за остварувањето на правата, обврските и одговорностите на работниците во здружениот труд врз основа на работниот стаж, без значење е дали тој е остварен во основната организација во која тој работи или во други организации на здружениот труд.

Со оглед на тоа што со член 26 став 3 од Правилникот различно се вреднува работниот стаж стекнат во и вон работната организација, со што се создава нееднаквост меѓу работниците, Судот утврди дека тој не е во согласност со начелото на еднаквоста утврдено во Оддел II став 3 алинеја 9 од Уставот на СР Македонија односно е во спротивност со означените одредби од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 132/88
18 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**37.**

Врз основа на член 83 и 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84 и 33/86), а во врска со член 83 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА ВО ХЕК „ЈУГОХРОМ“ — ЈЕГУНОВЦЕ ООЗТ „ЕЛЕКТРОМЕТАЛУРГИЈА“, „ХЕМИЈА“ и „ОДРЖУВАЊЕ“

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката состојба („Службен весник на СРМ“ бр. 31/75) во член 2 во глава IX — Производство на феролегури и калциум карбид, се додава поднаслов ХЕК „Југохром“ — Јегуновце ООЗТ „Електрометалургија“, „Хемија“ и „Одржување“.

Член 2

Во член 2 глава IX — Производство на феролегури и калциум карбид во поднасловот ХЕК „Југохром“ — Јегуновце, ООЗТ „Електрометалургија“, „Хемија“ и „Одржување“, како работни места на кои работата е особено тешка и по здравјето штетна во смисла на член 71 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување се утврдуваат работните места:

**ООЗТ „Електрометалургија“ — погон I печка I и II**

1. Рачно шаржирање, изливање на метал и организирање.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

2. Шаржирање со шаржирна машина, довоз на мешавина.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

3. Ракување со електрорегулација, ракување со кран II кранист.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**РЕ печка III и IV**

1. Со изливање на метал и организирање, шаржирање на материјал.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

2. Ракување со електрорегулација, ракување со кран II кранист.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**РЕ печка V и VI**

1. Изливање на метал и шлака.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

2. Водење на регулација и топење, шаржирање и регулација, ракување со кран I кранист.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

3. Организирање и реализирање работа на процес по смени на производство на ферохром, ракување со кран II и III кранист, евакуација на троска.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**РЕ машинско одржување „Феролегури“**

1. Заварување на плаштеви и други метални споеви.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

2. Заварување на едноставни и посложени работи, самостојно заварување на сите видови споеви, заварување на споеви.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**Погон II — РЕ карбидна печка**

1. Рачно шаржирање, изливање на метал и организирање.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

2. Ракување со кран II кранист.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**РЕ машинско одржување во „КАЦ“**

1. Заварување на плаштеви и други метални споеви.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

2. Изведување на посложени работи, заварување на посложени сите видови на споеви.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**Погон III РЕ 48 МВА — печка**

1. Изливање на метал и организирање.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.
2. Шаржирање и пикирање со шаржирна машина.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.
3. Ракување со кран II кранист.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**РЕ 24 МВА — печка**

1. Изливање на метал и организирање.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.
2. Ракување со кран II кранист, евакуација на троска.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**РЕ финализација и сепарација на ЦХ фецр**

1. Ракување со кран II кранист.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**РЕ машинско одржување — нови печки**

1. Заварување на плаштеви и други метални споеви.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.
2. Изведување и заварување на сите видови споеви.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**Погон припрема — РЕ I, II и III**

1. Ракување со кран за шпони и портален, III кранист.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**РЕ — флуиди**

1. Заварување на сложени работи и споеви.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

**РЕ — одржување на дигалки**

1. Заварување на споеви.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

**РЕ — огноотпорно одржување**

1. Изведувач и одржувач на сите видови работи, подготвувач и помагач при работата.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**ООЗТ „Хемија“ — РЕ снабдување, термоенергетика и промет на материјали**

1. Истовар на суровини со грајфер.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**РЕ — излужување и филтрација**

1. Сушар I и II.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.
2. Апаратер I и II, Вилтрувач I и II, перење на филтер платно и излужување.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

**Одделение за ремонти**

1. Заварување.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**Погонска работилница и алатница**

1. Сечење и заварување.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

**ООЗТ — одржување**

**РЕ — машинска монтажа за процесна опрема**

1. Варење на сите метали во сите позиции.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.
2. Варење во сите позиции на поединни метали.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

**РЕ — машинска монтажа на машинска опрема**

1. Варење во сите позиции на сите метали.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.
2. Варење во сите позиции на одредени и поедини метали.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

**РЕ — лимарска работилница**

1. Правење и заварување на плаштеви и поставување на елекгрода.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**РЕ — машинска работилница — бравари и заварувачи**

1. Варење во сите позиции на сите метали.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.
2. Водење на смена или група, варење во сите позиции на одредени и поединни метали.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

**РЕ — машинска работилница — подготовки**

1. Варење и сечење на сите видови метали.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.
2. Кроење, сечење и заварување на материјали.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

Член 3

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење на работниците распоредени на работни места од член 2 на оваа одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Доказите дека осигуреникот врши работи и работни задачи по член 2 на оваа одлука ќе се утврдуваат врз основа на документацијата со која располага работната организација.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука се брише точка 5 од член 2 глава XVII-A Хемиско-фармацевтска индустрија од Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба.

Бр. 02-230/1
25 јануари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

**38.**

Врз основа на член 83 и 142 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/83 и 33/86) а во врска со член 83 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83 и 4/87), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА — ВО РУДНИЦИ ЗА ОЛОВО И ЦИНК —

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката положба („Службен весник на СРМ“ број 31/75) во член 2 по Глава I-б РУДНИЦИ ЗА ЈАГЛЕН СО ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА, се додава нова глава I-в РУДНИЦИ ЗА ОЛОВО И ЦИНК.

Член 2

Во член 2 Глава I-в РУДНИЦИ ЗА ОЛОВО И ЦИНК, како работни места на кои работата е особено тешка и по здравјето штетна, во смисла на член 71 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, се утврдуваат работните места:

I. ИНЖЕНЕРСКО-ТЕХНИЧКИ КАДАР

**а) Техничка подготовка**

1. Раководител на техничка подготовка за изведување на подземни рударски објекти во јама;
2. Инженер за инвестиции на подземни рударски објекти;
3. Инженер за надзор и инвестиции во јама;
4. Техничар за техничка подготовка за изведување на подземни рударски објекти;
5. Техничар за надзор во јама;
6. Инструктор за практична работа.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

**б) Служба за техничка заштита**

1. Раководител на служба за техничка заштита;
2. Референт за сигурност и техничка заштита за електрика и машинство во јама.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

3. Одговорен на служба за техничка заштита;
4. Самостоен референт за сигурност и техничка заштита во рударството;
5. Референт за сигурност и техничка заштита по рударство во јама;
6. Мерач за запрашеност во јама.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

**в) Јамомерска служба**

1. Раководител на јамомерска служба во јама;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

2. Самостоен мерач во јама;
3. Мерач за точност и контрола за мерење во јама;
4. Мерач во јама;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

5. Фигурант;
6. Фигурант — пом. сниматели во јама;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

**г) Геолошка служба**

1. Раководител на геолошка служба во јама;
2. Инженер за инженерско геолошки работи;
3. Геолог за структурна геологија во јама;
4. Геолог за рудничка минерологија во јама;
5. Геолог за хидрогеологија и хидромеханика во јама.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

6. Одговорен за истражни работи;
7. Инженер за истражни работи;
8. Геолог за истраги во јама;
9. Инженер за длабинско дупчење;
10. Инженер за геологија во јама;
11. Геолошки инженер одговорен за експлоатација;
12. Инженер за експлоатација;
13. Ревирски геолози во јама;
14. Геолошки инженер за производство во јама;
15. Самостоен техничар и техничар за истраги во јама;
16. Самостоен геолошки ревирски техничар во јама;
17. Техничар за експлоатација во јама;
18. Техничар за опробување во јама;
19. Техничар за хидрогеологија и геомеханика во јама.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

20. Сменски геолошки техничар за разблажување и квалитет во јама.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

**д) Вентилација во јама**

1. Раководител на одделение за вентилација во јама;
2. Инженер за вентилација и отпрашување во јама.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.

3. Техничар за вентилација во јама;
4. Техничар за микроклима;
5. Мерач за микроклима и запрашеност во јама.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

**ѓ) Оператива**

1. Управник на рудник;
2. Технички раководител за производство;
3. Главен инженер за производство;
4. Одговорен техничар за норми.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

5. Јамски работоводител.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

**е) Производство**

1. Технички раководител за производство во јама;
2. Инженер за пратење и усовршување на технологијата на откопни методи во јама;
3. Инженер за дупчачко минерски работи во јама.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.
4. Сменски инженер во јама;
5. Раководител на хоризонтални и вертикални простории во јама;
6. Техничар за производство во јама;
7. Сменски техничар за извоз и транспорт во јама;
8. Работоводител во јама.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

**ж) Истраги и инвестиции**

1. Управник за истраги и капитални работи;
2. Технички раководител за истраги и капитални работи;
3. Одговорен за рударски работи во јама;
4. Сменски инженер за истраги и капитални работи;
5. Технички раководител за инвестиции;
6. Техничар за истражно капитални работи во јама.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.
7. Работоводител за истраги — инвестиции.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

**з) Длабинско дупчење**

1. Раководител на длабинско дупчење.
Секои 12 месеци стаж на осигурување се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.
2. Одговорен за длабинско дупчење во јама;
3. Техничар за длабинско дупчење во јама;
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

**ѕ) Транспорт и извоз**

1. Раководител на транспорт во поткоп и јама;
2. Инженер за главен транспорт и извоз во окно и поткоп со надворешен транспорт;
3. Инженер за погонска енергија и транспорт во јама;
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.
4. Техничар за транспорт во поткоп и надвор;
5. Сменски техничар за транспорт и извоз во јама;
6. Ревирски техничар во јама одговорен за извоз и транспорт;
7. Работоводител за транспорт и извоз во јама.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

**и) Одржување — електромашинско во јама**

1. Раководител на електромашинско одржување во јама;
2. Одговорен за електрика во рудник;
3. Машински инженер за ремонт и одржување во јама и надвор;
4. Електроинженер за ремонт и одржување во јама и надвор;
5. Електромашински инженер за одржување во јама;
6. Машински техничар за оператива во јама;
7. Одговорен електротехничар за ископ во јама.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 14 месеци стаж на осигурување.
8. Работоводител за машинско одржување во јама;
9. Работоводител за електро одржување во јама;
10. Работоводител за одржување во јама (истраги);
11. Работоводител за машини во окно и поткоп 14;
12. Работоводител на елек. маш. одрж. и длабинско дупчење, капитални работи и истраги;
13. Работоводител на машинско одржување на јамска механизација.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

II. ДИРЕКТНО ПРОИЗВОДСТВО

**а) Надзор — технички персонал**

1. Надзорник во јама;
2. Надзорник на производство;
3. Предработник — јамски;
4. Рудар — палител на мини.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 17 месеци стаж на осигурување.
5. Надзорник на вентилација во јама;
6. Надзорник за транспорт и извоз во јама;
7. Магационер за експлозивни материјали во јама;
8. Магационер на прирачен магацин за експлозивни средства;
9. Магационер за алат и материјали во јама.
Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

**б) Дупчачко-минерски работи**

1. Одблокување на рудни, сипки во поткоп — предработник;
2. Рудар за специјални рударски работи;
3. Дупчач на дупчачка кола за дупчење во јама;
4. Дупчач на ускоп со „алимак";
5. Дупчач на ускоп-класична изработка;
6. Дупчач на ходник;
7. Дупчач на предетажен ходник;
8. Дупчач на кратки мински дупки на подетажен откоп;
9. Дупчач на долги мински дупки со зарушување;
10. Дупчач на класичен и магацин откоп;
11. Рудар за ускоп во јама;
12. Рудар за откоп во јама;
13. Рудар за ходник во јама;
14. Рудар за дупчење со лафетна дупчалка;
15. Рудар за дупчење и утовар со рударска машина;
16. Одговорен рудар за „алимак";
17. Рудар за „алимак";
18. Рудар за дупчење со машина „Рајдрил";
19. Рудар ракувач со дупчалки — елек. хидраулични дупчалки во јама;
20. Помошник дупчач;
21. Помошник дупчач на кратки и долги мински дупки, подетажен откоп и зарушување;
22. Помошник дупчач на подетажен откоп и ходник;
23. Помошник дупчач на ускоп;
24. Помошник дупчач на класичен откоп и магацин;
25. Помошник рудар за дупчење со лафетна дупчалка;
26. Помошник рудар на откоп;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 18 месеци стаж на осигурување.

**в) Рударско-градежни работи**

1. Подградувач за копање и одблокување;
2. Подградувач за подградување и одржување на сипки;
3. Подградувач за подетажно откопување;
4. Подградувач за класична подготовка и одржување;

5. Подградувач на подготовка со столб;
6. Подградувач на класичен откоп и одржување на откоп;
7. Подградувач на ходник;
8. Подградувач во јама;
9. Одржувач на главен поткоп — подградувач;
10. Изработка и одржување на јамски колосек;
11. Бетонирци на хоризонтални јамски простории — подградувачи;
12. Бетонирци на вертикални и коси јамски простории;
13. Подградувач во јама;
14. Бетонирање на хоризонтални простории;
15. Помошници подградувачи на откоп и одржување;
16. Помошници подградувачи на класична подготовка;
17. Помошници подградувачи во јама;
18. Помошник подградувач на ходник;
19. Општ работник за бетонирање во јама;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 18 месеци стаж на осигурување.

**г) Товарно-транспортни работи на откоп**

1. Ракувач со скрепер;
2. Ракувач со товарна лопата на откоп на ходник;
3. Ракувач со јамурд машини (ЕМКО, КАВО-310) и Т2ГХ;
4. Ракувач со товарна лопата ЕМКО — дупчи и товара;
5. Ракувач со дизел товарач во јама (ШОП);
6. Ракувач со јамски товарач;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 18 месеци стаж на осигурување.

**ѓ) Транспортно извозни и други помошни работи**

1. Возач на тролеј локомотива;
2. Возач на акулокомотива преку 2,5 т. и 2,5 г.
3. Возач на локомотива во јама на основни и други поткопи;
4. Помошници на акулокомотива и тролеј локомотива;
5. Помошник ракувач;
6. Товарач на откоп,
7. Возач на руда и засип;
8. Празнење на вагони;
9. Рударски работници возачи;
10. Фрлач на руда и засип;
11. Рудар за помошни работи;
12. Сигналист на алимак;
13. Земачи на проба;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 18 месеци стаж на осигурување.

14. Ракувач со дозер и сигналист;
15. Сигналист на косо окно и дозер;
16. Бункерист (окно);
17. Сигналист (окно);
18. Бравар, цевкар во јама;
19. Јамски цевкар;
20. Јамски цевкар и одржувач на дупчачки чекани;
21. Рудар за одржување на окно и друго во јама;
22. Одржување и контрола на окно и поткоп;
23. Бравар во окно;
24. Бравар за одржување и подмачкување во окно;
25. Заварувач во окно;
26. Одржување и контрола на вертикални, хоризонтални и коси транспортни објекти;
27. Одржување на главен поткоп;
28. Пумпар во јама;
29. Пумпар во хоризонт;
30. Чистач во јама на рударски објекти;
31. Чистач на канали во јама;
32. Одржување на канали во јама;
33. Чистач на клозети во јама;
34. Одржувач на вентилациони објекти во јама;
35. Одржувач на сепаратно проветрување во јама;
36. Дупчач на длабинско дупчење во јама;
37. Рударски работник (возач) за длабинско дупчење во јама.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 17 месеци стаж на осигурување.

38. Ракувач со извозна машина бр. 2 во јама;
39. Ракувач со компресори во јама;
40. Помошници ракувачи со компресори;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

41. Возач на јамско возило за превоз на работници во јама;
42. Возач на јамски возила;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

III. ЕЛЕКТРОМАШИНСКО ОДРЖУВАЊЕ

1. Одговорен на група за одржување во јама — предработник;
2. Машинобравар за електромашински постројки во поткоп;
3. Помошник машинобравар за постројки во поткоп;
4. Бравар во товарна лопата, скрепер и друго во јама,
5. Машинобравар за одржување на „ББИ“ алимак во јама;
6. Бравар за извозна машина окно — 1 и друго во јама;
7. Бравар за одржување окно 2 и косо окно во јама;
8. Бравар за цевки и друго во јама;
9. Бравар за локомотиви, пумпи трафостаници и друго во јама;
10. Бравар за „ББЦ“ 100 товарна лопата и друго во јама;
11. Одржувач на рударски машини алимак и друго;
12. Одржувач — одговорен за одржување на јамски механизации во истраги и капитални работи;
13. Сменски бравар — одржувач на јамска механизација и вагони;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување.

14. Одговорен за гарнитури за длабинско дупчење во јама;
15. Бравар за поткоп 14;
16. Одговорен бравар за ископ во јама;
17. Сменски бравар — предработник во јама;
18. Сменски бравар во јама;
19. Сменски бравар за одржување на вагони;
20. Бравари во јама;
21. Одржувач на рударски машини;
22. Сменски одржувач на дупч. чекани и точење на бургии;
23. Механичар — одржувач на опрема во јама;
24. Механичар за одржување на гарнитури за длабинско дупчење;
25. Електричар за електро-маш. постројки во поткоп;
26. Електричар за извоз. маш. пумпи и трафостаници во јама;
27. Електричар за акутролни локомотиви и друго во јама;
28. Електричар за скрепери и друго;
29. Електричар за извозни машини окно бр. 2 и друго во јама;
30. Одржувач — одговорен за одржување на електрични уреди, акулокомотиви, во истрага и капитални работи;
31. Електричар во окно, компресори и поткопи 14;
32. Електричар за компресор и трафостаници;
33. Електричар за поткоп и 14 лампара;
34. Одговорен за електрика во јама;
35. Сменски електричар;
36. Заварувач во поткоп;
37. Заварувач во јама;
38. Сменски заварувач — бравар;
39. Сменски заварувач во јама;

40. Заварувач во јама на цевоводи;

41. Работник за долевање на вода и киселина во акубатерии;

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

42. Дежурен електричар;

43. Одржувач на ТТ инсталации во јама и надвор.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат како 13 месеци стаж на осигурување.

Член 3

Стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за работниците распоредени на работните места од член 2 на оваа одлука се смета од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Доказите дека осигуреникот врши работи и работни задачи од член 2 на оваа одлука ќе се утврдуваат врз основа на документацијата со која располага работната организација.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-229/1
25 јануари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиновска,** с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**39.**

Врз основа на член 51, став 1 од Законот за научноистражувачка дејност („Службен весник на СРМ" бр. 16/85) и член 25 од Статутот на Републичката заедница за научноистражувачка дејност, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 21 ноември 1988 година, во согласност со Собранието на СРМ, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО 1988 ГОДИНА

Член 1

Заради обезбедување средства за задоволување на заедничките потреби во научноистражувачката дејност во 1988 година се обезбедува висината на стапките на придонеси и тоа.

— 0,50% од доходот на основните организации на здружениот труд распоредени во области од 01 до 11 евидентирани во Одлуката за единствена класификација на дејности („Службен лист на СФРЈ" бр. 34/76);

— 0,40% од личниот доход од работен однос на работниците во основните организации на здружен труд кои не плаќаат придонес од доходот.

Член 2

Основицата за пресметување на придонесот од член 1, алинеја 1 претставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на придонесот од член 1, алинеја 2 претставува бруто личниот доход.

Член 3

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 октомври 1988 година до 31 декември 1988 година.

Бр. 08-1960/1
21 ноември 1988 година
Скопје

Претседател,
проф. д-р **Душан Петковски,** с. р

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**40.**

Врз основа на член 14 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 35 од Статутот на СИЗ на културата на град Скопје, член 3 од Самоуправната спогодба за утврдување висината на средствата за финансирање на заедничките потреби преку самоуправните интересни заедници во град Скопје во 1989 година и согласно Програмата за остварување и развој на културните дејности и техничката култура на подрачјето на град Скопје за 1989 година, Собранието на Самоуправната интересна заедница на културата на град Скопје, на седницата одржана на 17 јануари 1989 година, на предлог на Извршниот одбор, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ДОХОДОТ И ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА КУЛТУРНИТЕ ДЕЈНОСТИ И ТЕХНИЧКАТА КУЛТУРА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на средствата од доходот и од личните доходи од работен однос заради обезбедување приходи на Самоуправната интересна заедница на културата на град Скопје за 1989 година.

Член 2

Приходите на СИЗ на културата на град Скопје ќе се остваруваат од следните извори:

| | |
|---|---|
| — од доходот од работен однос | 1,00% |
| — од личен доход од работен однос | 1,40% |
| — од личен доход од земј. дејност | 0,35% |
| — од личен доход од самостојно вршење стопанска и нестопанска дејност | 2,50% |

Вкупниот износ на средствата што СИЗ на културата на град Скопје ќе ги оствари со применување на придонесите од претходниот став ќе изнесува 30.700.000.000 динари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", односно „Службен гласник на град Скопје", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-58/1
24 јануари 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Киро Дојчиновски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА НА ГРАД СКОПЈЕ

**41.**

Врз основа на член 34 од Законот за физичка култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ“ бр. 38/84), член 35 од Статутот на Собранието на СИЗ на физичката култура на град Скопје, член 5 од Самоуправната спогодба за меѓусебните односи во планирањето, остварувањето и развојот во областа на физичката култура што претставува посебен и заеднички интерес на општините и градот Скопје, член 6 од Самоуправната спогодба за здружување на средствата во Републичката СИЗ на физичката култура, Собранието на СИЗ на физичката култура на град Скопје, на седницата одржана на 31 јануари 1989 година, согласно Програмата за остварување и развој на дејностите во областа на физичката култура за 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ДОХОДОТ И ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на средствата од доходот и од личните доходи на работниците од работен однос заради обезбедување на средства во СИЗ за физичката култура на град Скопје.

Член 2

Приходите на СИЗ на физичката култура на град Скопје ќе се остваруваат од следните извори:

| | |
|---|---|
| — од доходот од стопанството | 0,12% |
| — од личен доход од работен однос | 0,25% |
| — од личен доход од земјоделска дејност | 0,075% |
| — од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност | 0,50% |

Вкупниот износ на средствата што СИЗ на физичката култура на град Скопје ќе ги оствари од придонесите од претходниот став ќе изнесува 4.490.000.000 динари.

Член 3

Од утврдените стапки во член 2, алинеја 1 се издвојуваат како наменски средства во висина од 0,03% за развој и унапредување на врвниот спорт.

Наменските средства се издвојуваат на посебна потсметка на СИЗ на физичката култура на град Скопје.

Овие средства со посебна програма ќе ги распределува Извршниот одбор на Собранието на СИЗ на физичката култура на град Скопје.

Член 4

Од остварените приходи по извори утврдени во член 2, СИЗ на физичката култура на град Скопје во Републичката СИЗ на физичката култура ќе здружи:

| | |
|---|---|
| — од доходот на стопанството или 315.838.000 динари; | 12,7% |
| — од личен доход од работен однос или 400.000.000 динари. | 21,0% |

Вкупниот износ што ќе се здружува во Републичката СИЗ на физичката култура од претходниот став од овој член не може да изнесува повеќе од 715.838.000 динари.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ односно „Службен гласник на град Скопје“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 03-26/1
1 февруари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Златан Манов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КРИВА ПАЛАНКА

**42.**

Врз основа на член 103, 104 и 107 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 258 и 259 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Крива Паланка, а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка, на седницата одржана на 28 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА ЗА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците за 1989 година се определува во висина од 7,65% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 3,30% и

— стапката на придонесот за правата на здравствена заштита што ги утврдува самостојно Собранието на Заедницата 4,35%.

Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и професионално заболување се определува во висина од 0,95%.

Основицата за пресметување на придонесот за несреќа на работа и професионално заболување кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход.

Основиците кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

Придонес за несреќа на работа и заболување од професионални болести по 0,95% од бруто основицата пресметуваат и плаќаат обврзниците на придонесот кои не формираат доход за вработени по договор за дело.

Стапката на додатниот придонес за партиципација за задолжителните видови на здравствена заштита на проширените права од земјоделското осигурување се определува во висина од 0,80%.

Додатниот придонес од 0,80% се наплатува од истата основица од која се наплатува придонесот за несреќа при работа и професионално заболување.

Член 2

За корисниците за кој се утврдува само чист личен доход, придонесот за здравствена заштита се пресметува и плаќа од чистиот личен доход со примена на пресметана стапка за чист личен доход врз основа на збирот на републичката и општинската стапка на придонесите од личниот доход.

Член 3

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се опредлува по стапка од 25% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука за деташираните работници во странство.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правата сразмерно на стапките односно тарифата на придонесот определен во член 1 од оваа одлука.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин определен со закон и актите на Заедницата за здравство и здравствено осигурување на работниците — Крива Паланка.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 01-722 од 1. XI. 1988 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и истата ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-825
20 декември 1988 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р.

**43.**

Врз основа на член 106 и 107 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 261 и 162 од Статутот на Општинската заедница на здравство и здравствено осигурување Крива Паланка, а по предлог на Извршниот одбор, Собранието на ОЗЗЗО Крива Паланка на седницата одржана на 28 декември 1988 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА СТАПКИТЕ НА ПАУШАЛНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Се утврдува стапката на паушалниот износ за придонесот од земјоделска дејност на Општинската заедница на здравство и здравствено осигурување на земјоделците Крива Паланка.

Член 2

Земјоделските осигуреници го плаќаат следниот придонес на здравствена заштита:

1. За осигуреници — земјоделци кои имаат сопствена земја се плаќа:

— придонес со стапка од 8% на катастарскиот приход по кој се содржани:

а) стапката на придонесот за задолжителни видови здравствена заштита 6,5%;

б) стапката на придонесот за правата од здравствена заштита над задолжителни видови 1,5%;

2. За осигуреници — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност (паушалисти) се плаќа:

— по 15.000.— динари за секој член од домаќинството во кој се содржани:

а) износот од 11.250 динари за задолжителни видови здравствена заштита;

б) износот од 3.750 динари за правата кои Заедницата самостојно ги утврдува.

Член 3

Со донесување на оваа одлука престанува важноста на Одлуката бр. 01-748 од 22. XII. 1987 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и истата ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-826
20 декември 1988 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р.

**44.**

Врз основа на член 103—105 и член 108—110 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 160 од Статутот на Општинската заедница на здравство и здравствено осигурување, Собранието на Заедницата за здравство и здравствено осигурување на седницата на Собранието на делегатите — работници корисници на услуги и Соборот на делегатите работници — даватели на услуги, одржана на 28 декември 1988 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА, ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат износите на придонесите за здравствена заштита на одделни категории лица вон работен однос, а се корисници на здравствена заштита.

Член 2

Придонесите за здравствена заштита за одделни категории лица — корисници на здравствена заштита вон работен однос се плаќаат и тоа:

1. за лица кои немаат својство на корисници на здравствена заштита, а кои се пријавени на задолжителни видови на здравствена заштита од општина Крива Паланка во износ од 4.000 динари;

За лица кои немаат својство на корисници на здравствена заштита, кои покрај задолжителни видови здравствена заштита се пријавени од општината да користат и други права од здравствена заштита, во износ од 7.000 динари.

2. за лица на школување, стручно оспособување и усовршување или постдипломски студии во земјата и во странство кои поради тоа го прекинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија во износ од 11.000 динари;

3. за лица кои организацијата пред засновање на работен однос, ќе ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување или усовршување, во износ од 11.000 динари;

4. за лица корисници на основните права на социјална заштита според посебни прописи, во износ од 10.000 динари;

5. за брачен другар на умрениот корисник — работник или со него изедначено лице од член 30 од Законот за здравствена заштита, во износ од 15.000 динари;

6. за југословенските државјани, корисници на пензии или инвалиднини од странски носители на осигурување, ако со меѓународен договор поинаку не е определено, средства за здравствена заштита обезбедуваат сами, во висина од 16.000 динари;

7. за члeновите на семејствата на работниците вработени во странство на кои не им е обезбедена здравствена заштита од странски носители на осигурување, во износ од 10.000 динари.

Член 3

Во месечни износи се плаќаат и придонесите во случај повреда на работа и заболувања од професионални болести, за:

1. ученици во средно насочено образование и студентите на вишото и високото образование за време траење на практичната работа во врска со наставата, во износ од 4.000 динари;

2. лица кои учествуваат на младински работни акции, кои според прописите за пензиското и инвалидското осигурување се осигурени во случај на инвалидност, во износ од 4.000 динари;

3. за лица кои учествуваат во организирани јавни работни акции, во износ од 4.000 динари;

4. за лица кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана, безбедност и општествена самозаштита, припадници на територијална одбрана и цивилна заштита, за време на обука, оспособување и вршење на должност, во износ од 4.000 динари;

5. лица кои работат помалку од половина од полно работно време, во износ од 4.000 динари;

6. лица кои се наоѓаат на стручно оспособување, преквалификација што ги организира и упатува Заедницата за вработување, како и лица на професионална рехабилитација или школување во соодветни ОЗТ, во износ од 4.000 динари;

7. лица учесници во активностите при природни и други тешки несреќи и активности при противпожарна заштита, во износ од 4.000 динари;

8. лица кои се прогласени за врвни спортисти, во износ од 4.000 динари;

9. лица кои по барање на надлежните органи за внатрешни работи или овластено службено лице, ќе укажат помош на овие органи на вршење на нивните должности за време на укажување на таква помош според соодветни прописи во износ од 4.000 динари;

10. лица кои вршат повремени и привремени работи по основ на договор, во износ од 1.500 динари;

11. лица кои учествуваат во спортски натпревари организирани од самоуправни организации и заедници, општествено-политички, спортски и други организации, во износ од 4.000 динари.

Член 4

Придонесите од член 2 и 3 од оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесот се утврдува за време покусо од еден месец за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 01-865
27 декември 1988 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р.

---

**45.**

Врз основа на член 57 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 80 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на здравство и здравствено осигурување, Собранието на ОСИЗ за здравство и здравствено осигурување од Крива Паланка на седницата одржана на 28 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАТУВАЊЕ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 1989 ГОДИНА

I

При остварување на здравствената заштита во друго место од подрачјето на Општинската заедница на здравство и здравствено осигурување, осигурените лица имаат право да ги користат средствата на јавниот сообраќај и тоа: автобус во патниот и втора класа во железничкиот сообраќај.

За извршеното патување на начин определен од претходниот став, на име трошоци за патување на осигуреното лице се исплатува износ во висина на стварните трошоци.

II

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита изнесува:

— 4.690.— динари на лица упатени во место на територијата на СРМ;

— 5.470.— динари на лица упатени во место надвор од територијата на СР Македонија;

За деца до 15 годишна возраст се исплатува надоместок за исхрана и сместување за време на патување и престој во висина од 50% од износот определен во претходниот став.

III

Со донесување на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 01-753 од 22. XII. 1987 година.

IV

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-820
20 декември 1988 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р

---

**46.**

Врз основа на член 57 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) член 83—89 од Статутот на Општинската заедница на здравство и здравствено осигурување Крива Паланка, Собранието на Општинската заедница за здравство и здравствено осигурување Крива Паланка, на седницата на сите собори одржана на 28 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ЗАКОП НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица изнесува:

1. во случај на смрт на осигурено лице до едногодишна возраст 64.820 динари;

2. во случај на смрт на осигурено лице од 1 до 7 години возраст 103.090 динари;

3. во случај на смрт на осигурено лице од 7 до 15 години возраст 142.130 динари;

4. во случај на смрт на осигурено лице на возраст над 15 години 184.300 динари.

Член 2

Надоместокот на трошоците за превоз на осигурено лице умрено вон општината за време додека престојувало таму ќе се исплатува во висина од 450 динари, за секој изминат километар до местото на живеење на осигуреното лице.

Член 3

Во случај на смрт на осигуреникот на членовите на неговото семејство им припаѓа надоместок на посмртна помош во висина од еднократен износ од основот на надоместокот на личниот доход од претходната година.

Посмртна помош припаѓа на членовите на семејството ако умреното лице ги издржувало до неговата смрт.

Член 4

Ако закопот на осигуреното лице го изврши работна или друга организација, на истата и припаѓа надоместокот на трошоците за помош во висина предвидена во член 1 од оваа одлука.

Член 5

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице бр. 01-758 од 22. декември 1987 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 01-819
20 декември 1988 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р.

47.

Врз основа на член 103 и 105 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 160 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита Крива Паланка на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услуги и Соборот на делегатите работници — даватели на услуги, одржана на 28 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ, ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесот за здравствена заштита на лица вработени кај приватни работодавци

Член 2

За вработените лица кај приватни работодавци, основицата за пресметување на придонесот за здравствена заштита е личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот, но не пониско од следните износи:

| | |
|---|---|
| — за неквалификувани работници | 215.300 динари; |
| — за полуквалификувани работници | 219.400 динари; |
| — за квалификувани работници | 314.500 динари; |
| — за висококвалификувани работници | 375.600 динари; |
| — за домашни помошнички | 219.400 динари; |
| — за средно образование | 336.400 динари; |
| — за више образование | 408.200 динари; |
| — за високо образование | 468.000 динари. |

Член 3

Во случај утврдените износи од претходниот член да бидат помали, основицата за пресметување и плаќање на придонесот ќе претставува гарантиран личен доход

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Крива Паланка“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 01-867
27 декември 1988 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р.

48.

Врз основа на член 160 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита Крива Паланка, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услуги и Соборот на делегатите работници — даватели на услуги одржана на 28 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКА НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА ПРИВРЕМЕНО НЕВРАБОТЕНИ, ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се определува стапката на придонесот за здравствена заштита на лица привремено невработени, а се корисници на здравствена заштита и тоа:

— за лица привремено невработени додека се пријавуваат на надлежната Заедница за вработување, а примаат материјално обезбедување и за лица привремено невработени додека се пријавуваат на надлежната Заедница за вработување, Општинската заедница за вработување е должна да обезбеди средства во висина од 12% од вкупно остварен приход на Заедницата кој ќе се наплатува месечно.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 01-866
27 декември 1988 година
Крива Паланка

Претседател,
**Финка Ангеловска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ПРИЛЕП

49.

Врз основа на член 103 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 156 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Прилеп, на заедничка седница на соборот на делегатите корисници — работници и Соборот на делегатите даватели на услуги, одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Висината на придонесот за здравствена заштита за 1989 година се утврдува и тоа:

1. за стопанство вкупно 8,60% од бруто личниот доход и другите примања во кои се содржани:

— 3,20% за задолжителните видови на здравствена заштита, и

— 5,40% придонес за правата од здравствена заштита над задолжителните видови и другите права од здравствена заштита.

2. За нестопанство 9,50% од бруто личниот доход и другите примања во кои се содржани:

— 3,20% придонес за задолжителните видови на здравствена заштита, и

— 6,30% придонес за правата од здравствена заштита над задолжителните видови и другите права од здравствена заштита.

Член 2

Висината на придонесот за здравствена заштита во случај на повреда на работа и заболување од професионални болести се определува и изнесува 0,50%.

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход.

Основица кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

Средствата за здравствена заштита во случај на повреда на работа и заболување од професионални заболувања, по стапка од 0,50% пресметуваат и плаќаат и обврзниците на придонес кои не формираат доход за вработените по договор за дело од бруто основицата.

Член 3

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство се определува во висина од 20% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна Одлука.

Средствата од претходниот став се распоредуваат во висина на правата сразмерно на стапките, на придонесот определени во член 1 и 2 од оваа одлука.

Член 4

Обврзникот за уплата на придонесот должен е при уплатата на придонесите за здравствена заштита и посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на самиот налог-уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси по видови на правата со ознака на основицата и за периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Доколку обврзникот на придонесот не го пополни налогот-уплатницата согласно одредбите од претходниот став службата, односно поштата нема да го прими налогот-уплатницата, во смисла на член 82 од Законот за Службата на општествено книговодство.

Придонесите ги пресметуваат и уплатуваат обврзниците на начин утврден со Закон, Статутот и другите општи акти на Заедницата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 227 од 30 март 1988 година.

Бр. 654
29 декември 1988 година
Прилеп

Собрание на Општинската заедница
Претседател,
**Раде Мешески,** с. р.

Собор на даватели на услуги
Претседател,
д-р **Ристо Николоски,** с. р.

Собор на работници — корисници на услуги
Претседател,
инж. агр. **Илија Ристески,** с. р.

---

**50.**

Врз основа на член 106 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ. бр. 10/83), член 156 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, на заедничка седница на Соборот на делегатите корисници на услуги — земјоделци и Соборот на делегатите на работниците во организациите на здружен труд од здравството — даватели на услуги, одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесите за финансирање на здравствената заштита на корисниците — земјоделци за 1989 година на подрачјето на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп.

Член 2

Корисниците — земјоделци плаќаат придонес за здравствена заштита и тоа:

а) за задолжителни видови на здравствена заштита:

— 15,20% од катастарскиот доход и 8.000 динари за секој член на домаќинството за корисниците кои имаат сопствена земја;

— 40.000 динари по домаќинство и 8.000 динари за секој член на домаќинството за корисниците кои земаат земја под наем.

б) За правата на здравствена заштита над задолжителните видови што самостојно ги утврдува Заедницата:

— 3,80% од катастарскиот доход и 2.000 динари за секој член на домаќинството за корисниците кои имаат сопствена земја;

— 10.000 динари по домаќинство и 2.000 динари за секој член на домаќинството за корисниците кои земаат земја под наем.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 669 од 29. XII. 1987 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 1. I. 1989 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 655
29 декември 1988 година
Прилеп

Собрание на Општинската заедница
Претседател,
**Раде Мешески,** с. р.

Собор на даватели на услуги
Претседател,
д-р **Ристо Николоски,** с. р.

Собор на корисници на услуги — земјоделци
Претседател,
**Јован Чагороски,** с. р.

---

**51.**

Врз основа на член 112 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83), член 156 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита Прилеп, на заедничка седница на Соборот на делегатите — корисници — работници и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ШТО ОДДЕЛНИ КОРИСНИЦИ НА ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ГИ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАН МЕСЕЧЕН ИЗНОС

Член 1

Средствата за здравствена заштита во постојани месечни износи за одделни корисници на здравствена заштита се плаќаат и тоа:

1. за лицата на доброволна и задолжителна практика (волонтери и друго), што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време во износ од 5.700 динари од кои 1.700 динари за задолжителна здравствена заштита, 3.550 динари за останатите права од здравствената заштита и 450 динари во случај на повреда на работа и заболување од професионални болести;

2. за учениците во насочено, односно учениците на училиштата од средно образование за одделни занимања за кои покрај училишната се изведува и практична настава во износ од 3.400 динари, од кои 1.050 динари за задолжителните видови на здравствена заштита, 2.120 динари за останатите права од здравственото осигурување и 230 динари за случаи на повреда на работа и заболување од професионални болести;

3. за лицата кои учествуваат на младински работни акции кои по прописите за пензиско и инвалидско осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, ако работат најмалку 6 часа дневно во износ од 3.000 динари од кои 1.000 динари за задолжителните видови здравствена заштита, 2.000 динари за останатите права од здравствена заштита;

4. за лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции организирани од општествено-политичките заедници, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно во износ од 5.300 динари од кои 1.750 динари за задолжителните видови на здравствена заштита, 3.550 динари за останатите видови на здравствена заштита;

5. лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и безбедност и општествена самозаштита, припадниците на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должности, во износ од 3.000 динари од кои 1.000 динари за задолжителните видови здравствена заштита, 2.000 динари за останатите видови на здравствена заштита;

6. за уживателите на постојана државна помош доделена од страна на бившите президиуми на народните собранија или Извршниот совет, во износ од 5.700 динари од кои 1.880 динари за задолжителните видови на здравствена заштита и 3.820 динари за останатите права;

7. за членовите на потесното семејство, на југословенските работници на привремена работа во странство, кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување, во износ од 5.700 динари по член од кои 1.880 динари за задолжителните видови на здравствена заштита и 3.820 динари за останатите права;

8. пензионерите од странски носители на осигурување додека престојуваат на подрачјето на Заедницата, ако со меѓународен договор не е определено поинаку, во износ од 12.700 динари по член од кои 4.180 динари за задолжителните видови на здравствена заштита и 8.520 динари за останатите права.

Член 2

Средства за здравствена заштита во постојани месечни износи се плаќаат во случај на повреда на работа и заболување од професионални болести за:

1. учениците во средно насочено образование и студентите на вишото и високото образование, за време на практичната работа во врска со наставата, во износ од 1.200 динари;

2. лица кои учествуваат на младински работни акции кои според прописите за пензиското и инвалидското осигурување се осигурени за случај на инвалидност, во износ од 1.200 динари;

3. лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, во износ од 1.200 динари;

4. лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и безбедност и општествена самозаштита, припадниците на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должноста, во износ од 1.200 динари;

5. лицата кои работат помалку од половината од полното работно време, во износ од 1.700 динари;

6. лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира или упатува Заедницата за вработување, како и лицата на професионална рехабилитација или школување во соодветните организации на здружен труд, во износ од 1.700 динари;

7. лицата кои се прогласени за врвни спортисти 1.700 динари;

8. лицата учесници во активности при природни и други тешки несреќи и активности при противпожарна заштита, во износ од 1.200 динари;

9. лицата кои по барање на надлежните органи за внатрешни работи или овластени службени лица ќе укажат помош на овие органи во вршењето на нивните должности за време на укажување на таква помош, според соодветните прописи, во износ од 1.200 динари;

10. лицата кои вршат повремени или привремени работи по основ на договор, во износ од 1.700 динари;

11. лицата кои учествуваат во спортски натпревари организирани од самоуправни органи и заедници, ОПО и др. во износ од 1.700 динари.

Член 3

Средствата за лицата опфатени со оваа одлука освен за тие од член 1 точка 8 се пресметуваат и плаќаат однапред.

Доколку средствата се утврдуваат за време покусо од еден месец за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/3 од определениот месечен износ на средствата.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за придонесите на здравственото осигурување што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории корисници на здравствена заштита број 670 од 29 декември 1987 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 656
29 декември 1988 година
Прилеп

Собрание на Општинската заедница
Претседател,
**Раде Мешески**, с. р.

Собор на даватели на услуги
Претседател,
д-р **Ристо Николоски**, с. р.

Собор на корисници на услуги — работници
Претседател,
инж. агр. **Илија Ристески**, с. р.

**52.**

Врз основа на член 57 став 1 и 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 80—84 и 154 став 1 точка 14 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, на заедничка седница на трите собори на делегатите, одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА КОИ СЕ УПАТУВААТ НА ПРЕГЛЕД И ЛЕКУВАЊЕ ВО ДРУГО МЕСТО

Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на патните трошоци и трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место, што им припаѓа на корисниците на здравствена заштита на товар на средствата на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп (во натамошниот текст: Заедница), а во случај кога од лекарот поединец или лекарска комисија се упатени да користат здравствена заштита надвор од местото на нивното живеење и на начин пропишан со Статутот на Заедницата и Правилникот за условите и начинот на користењето на здравствена заштита.

**Надоместок на превозни трошоци**

Член 2

Надоместокот на трошоците за превоз им припаѓа на корисниците во случаите предвидени во Статутот на Заедницата во висина на тарифата за редовни превозни средства на јавниот сообраќај.

Надоместокот на трошоците за превоз им припаѓа на корисниците и кога поради итноста на случајот, должината на превозот или здравствената состојба, по налог на лекар поединец, лекарска комисија или здравствена организација, превозот може да се изврши и со други превозни средства.

Кога превозот е извршен без претходен наод од лекар поединец, лекарска комисија или здравствена организација, оправданоста на превозот со превозните средства дополнително ја цени лекарската комисија со претходно прибавено мислење од лекарот кој ја пружил здравствената заштита по барање на корисникот и со поднесување на потребната документација (докази).

Член 3

Надоместокот на трошоците за превоз се одредува по правило според најкусата релација и тоа на основната тарифа од редовните превозни средства на јавниот железнички и автобуски сообраќај.

Под основна тарифа на јавниот сообраќај се смета:

1. кога патувањето се врши со железница, корисникот има право на карта од брзи воз II класа;

2. кога патувањето се врши со автобус, корисникот има право на полна цена на картата за превозот.

Кога на истата релација постојат железнички и автобуски сообраќај, корисникот има право на надоместок на трошоците за превоз на најкусата релација и најниската тарифа.

Ако превозот е извршен во смисла на член 2 став 2 од оваа одлука, надоместокот на трошоците му припаѓа на корисникот најмногу во висина од 20% од цената на поскапиот бензин за секој изминат километар, ако колата од итна помош не била во состојба да го изврши превозот.

Член 4

Ако корисникот со посебни прописи има право на неограничен број бесплатни патувања во јавниот сообраќај, нема право на надоместок по оваа одлука.

Член 5

На корисникот кој користи здравствена заштита спротивно на одредбите од Статутот и Правилникот за начинот на користење на здравствена заштита надвор од подрачјето на живеење или со изјава на избор на лекар и здравствена организација, не му припаѓа надоместок на патни и дневни трошоци.

Член 6

Налогот, односно упатот за патување во друго место поради амбулантски, специјалистички и контролни прегледи важи по правило само за едно патување. Доколку лекарот специјалист на кого корисникот му е упатен на прв преглед најде дека е потребно испитување и лекување и кај други специјалисти, тоа посебно ќе го констатира, така да првобитниот упат ќе важи и за останатите.

Ако корисникот во смисла на претходниот став е упатен, односно преземен на амбулантско-специјалистичко лекување или испитување, издадениот налог важи за сето време додека трае лекувањето, односно испитувањето.

Здравствената работна организација, односно лекарот на истата, која на упатениот корисник пружил здравствена заштита, на налогот за патувањето треба да потврди со печат и потпис со датум, што е доказ дека корисникот патувал и се јавил за здравствена заштита.

**Надомест на име исхрана и сместување**

Член 7

Висината на надоместокот на име исхрана и сместување на корисниците на здравствена заштита кои се упатуваат на преглед и лекување во друго место изнесува:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | на подрачјето на Заедницата и Македонски Брод | 2.000 динари; |
| 2. | надвор од Заедницата, а на подрачјето на СР Македонија | 5.000 динари; |
| 3. | надвор од подрачјето на СРМ | 8.500 динари. |

За корисниците — деца до навршената 7 (седум) годишна возраст ќе им се исплатува 50% од износот предвиден во точките 1—5 на овој член.

При остварување на здравствена заштита надвор од подрачјето на СРМ покрај надоместокот на трошоците за исхрана корисниците имаат право за сместување — ноќевање и тоа:

а) 60% за корисник на здравствена заштита,

б) 30% за придружник на корисникот.

Како доказ за исплата од точката а) и б) од овој став ќе служи приложената потврда од хотел „Б" категорија за ноќевање.

Член 8

Барањето за исплатување на надоместокот од претходниот член пристига првиот нареден ден по завршеното патување, односно завршеното лекување.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одлуките за надоместокот на патните трошоци на осигурените лица бр. 671 од 29 декември 1987 година.

Бр. 657
29 декември 1988 година
Прилеп

Претседател,
**Раде Мешески, с. р.**

53.

Врз основа на член 37 и 38 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 24 и 154 став 1 точка 14 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, на заедничка седница на трите собори на делегатите, одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ — ПОВРАТНИЦИ ОД СТРАНСТВО

Член 1

Здравствена заштита им се обезбедува како на корисниците — работници така и на иселениците — повратници од странство и тоа од земјите со кои не постојат меѓународни договори и конвенции за здравствено осигурување како (Австралија, Шведска, Швајцарија и др.), додека редовно се пријавуваат кај Заедницата за вработување, ако во истата се пријавиле во рок од 30 дена по враќањето во СФРЈ, а се населиле на подрачјето на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Прилеп.

Лицата од претходниот став се стекнуваат со својство на корисници на здравствена заштита, согласно Законот и самоуправните општи акти на СИЗ за вработување.

Член 2

Средствата за здравствена заштита за корисниците од претходниот член ги плаќа Заедницата за вработување, во постојан месечен износ од 12.750 динари по корисник за 1989 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 668 од 29 декември 1987 година.

Бр. 659
29 декември 1988 година
Прилеп

Претседател,
**Раде Мешески,** с. р.

54.

Врз основа на член 101 и 103 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83), и член 156 став 1 точка 5 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, на заедничка седница на Соборот на делегатите работници — корисници и Соборот на делегатите даватели на услуги, одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИ — РАБОТНИ ЛУЃЕ (САМОСТОЈНИ ЗАНАЕТЧИИ, УГОСТИТЕЛИ И ДР.), ЗА ВРАБОТЕНИТЕ РАБОТНИЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита на лицата вработени кај корисници — работни луѓе (самостојни занаетчии, угостители и др.) на подрачјето на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, а за кои со Законот за здравствена заштита не се утврдени основици.

Член 2

Основица за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита и за утврдување на правата од здравствена заштита на лицата вработени кај корисници — работни луѓе, претставува договорениот нето личен доход помеѓу приватниот работодавец и работникот кој што не може да биде помал од:

— за неквалификуваните работници и домашните помошнички, во висина од 300.000 динари и не може да биде помал од загарантираниот личен доход утврден со Закон;

— за полуквалификуваните работници 300.000 динари и не може да биде помал од загарантираниот личен доход утврден со Закон;

— за квалификувани работници, 330.000 динари;

— за висококвалификувани работници 360.000 динари.

Член 3

За учениците од училиштата за средно образование кои покрај училишната изведуваат и практична обука во организација на здружен труд или кај приватни работодавци, основица за остварување на правата од здравствена заштита претставува наградата што ја прима, а која не може да биде помала од:

— за ученици од прва година 17.800 динари;
— за ученици од втора година 21.200 динари;
— за ученици од трета година 30.700 динари;
— за ученици од четврта година 36.000 динари.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување на лицата вработени кај приватни работодавци бр. 674 од 29 декември 1987 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година. Истата да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 660
29 декември 1988 година
Прилеп

Собрание на Општинската заедница
Претседател,
**Раде Мешески,** с. р.

Собор на даватели на услуги
Претседател,
д-р **Ристо Николоски,** с. р.

Собор на корисници на услуги — работници
Претседател,
инж. агр. **Илија Ристески,** с. р.

55.

Врз основа на член 57 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83), член 85 став 1 и член 154 став 1, точка 14 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп, на заедничка седница на трите собори на делегатите, одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат висината и условите за стекнување право на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош во случај на смрт на корисник на здравствена заштита (во натамошниот текст: корисници), од подрачјето на Оп-

штинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Прилеп (во натамошниот текст: Заедница).

**Надоместок на трошоци за закоп**

Член 2

Износот на надоместокот на трошоците за закоп се утврдува и тоа:

1. — 65.000 динари во случај на смрт на корисник до една година возраст;

2. — 104.000 динари во случај на смрт, на корисник од 1—7 годишна возраст;

3. — 150.000 динари во случај на смрт на корисник од 7—14 годишна возраст;

4. — 184.300 динари во случај на смрт на корисник над 14 годишна возраст.

Член 3

Надоместокот на трошоците за закоп на корисник умрен надвор од подрачјето на Заедницата се определува и исплатува:

а) во висина на надоместокот определен со акт на Заедницата, или Заедницата каде е извршен закопот, ако тоа за корисникот е поповолно,

б) надоместокот од претходниот член се зголемува за 50% ако закопот е извршен на подрачјето на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Прилеп,

в) надоместокот на трошоците за закоп на корисник умрен за време на престој во странство, се определува во висина на неопходните трошоци за земјата во која е извршен закопот по претходно прибавено мислење од дипломатско-конзуларното претставништво на СФРЈ во таа земја за висината на истите.

Член 4

Надоместокот на трошоците за закоп се исплатува на лицата кои ќе извршат закоп на корисникот врз основа на изводот од матичната книга на умрените, потврдата за извршениот закоп и здравствената легитимација на корисникот.

Во случај корисникот да умре во странство, покрај доказите од претходниот став, се поднесува и потврда од дипломатското претставништво од СФРЈ во таа земја, дека лицето умрело во странство.

**Надоместок на посмртна помош**

Член 5

На членовите на потесното семејство на корисникот кој што умрел, а кои тој од својата заработувачка ги издржувал, им припаѓа посмртна помош во висина од едномесечен износ од основицата за надоместокот на личен доход, односно едномесечна последна пензија, материјално обезбедување или привремениот надоместок, при што се зема во предвид и заштитниот додаток кој се исплатува со пензијата, како и додатокот на инвалидност кој се исплатува со инвалидската пензија што му припаѓала на умрениот корисник по прописите на пензиското и инвалидското осигурување.

Се смета дека корисникот ги издржувал членовите на семејството, ако членовите на семејството немале сопствени приходи и користеле здравствена заштита по основ на корисникот кој умрел.

Член 6

Барањето за исплата на надоместокот на погребните трошоци и посмртна помош пристига со денот на смртта, односно закопот на корисникот.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на износот на трошоците за закоп и посмртна помош бр. 675 од 29 декември 1987 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 661
29 декември 1988 година
Прилеп

Претседател,
**Раде Мешески,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ПРИЛЕП

**56.**

Врз основа на член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 102 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Прилеп, Собранието на ОСИЗ за општествена заштита на децата — Прилеп, на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРЕСМЕТКОВНИТЕ СТАПКИ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ И ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ ВО ОБЛАСТА НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на пресметковните стапки за здружување на средства за задоволување на личните и заедничките потреби и интереси во областа на општествената заштита на децата во рамките на ОСИЗ за општествена заштита на децата.

Член 2

За задоволување на потребите од член 1 на оваа одлука здружуваат средства по пресметковна стапка:

— работниците од стопанските дејности од бруто личниот доход, по стапка од 1,50%
— работниците од општествените дејности од бруто личниот доход, по стапка од 1,10%;
— земјоделците од личниот доход, по стапка од 0,20%;
— работниците кои самостојно вршат дејност од личниот доход, по стапка од 1,70%
— работниците вработени кај граѓани и граѓанско правни лица од личен доход, по стапка од 1,70%.

Член 3

Работниците од РО во основање „Современ дом" здружуваат средства по стапка од 0,75%. работниците од ОЗТ од основното и средното насочено образование, социјалната заштита и СВР — Прилеп здружуваат средства по стапка од 0,55%, а работниците од ОЗТ од високото образование, општествената заштита на децата, организациите кои вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности здружуваат средства по стапка од 0,77% од бруто личните доходи.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од 1 јануари 1989 година, а ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-570/3
27 декември 1988 година
Прилеп

Претседател,
**Лазар Ангелески,** с. р.

57.

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81) и член 34 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Прилеп, Собранието на Општинската СИЗ за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПОСЕБНИОТ ДОДАТОК

Член 1

Со оваа одлука поблиску се утврдуваат условите и начинот на остварувањето на посебниот додаток за деца со тешки, потешки и најтешки пречки во психичкиот и физичкиот развиток.

Член 2

Право на посебен додаток може да оствари дете со тешки, потешки и најтешки пречки во психичкиот и физичкиот развиток, или комбинирани пречки од таков вид, до навршени 26 години доколку не е институционално згрижено целосно на товар на општествената заедница.

Член 3

Посебен додаток може да оствари дете од семејство со постојано место на живеење на подрачјето на општината Прилеп.

Член 4

Барање за остварување на посебен додаток поднесува родителот или старателот на детето до Општинската СИЗ за општествена заштита на децата.

Член 5

Кон барањето подносителот доставува доказ за степенот на попреченоста на детето од орган кој е овластен да врши категоризација на лица попречени во психичкиот и физичкиот развиток.

Член 6

Посебен додаток може да се оствари од првиот ден во месецот во кој е поднесено барањето.

Член 7

Промените кои настануваат во текот на годината, а имаат влијание на остварувањето на посебниот додаток, ќе влијаат од првиот ден на наредниот месец по настанувањето на промената.

Член 8

Висината на посебниот додаток ја утврдува Собранието на Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата

Член 9

За остварување на посебен додаток одлучува секретарот на Општинската заедница.

Член 10

По жалбите против решенијата донесени во прв степен одлучува Извршниот одбор на Собранието на Општинската заедница.

Рокот за поднесување на жалба изнесува 15 дена сметано од денот на приемот на првостепеното решение.

Член 11

Решението донесено по жалба е конечно во управна постапка и против него незадоволната странка може да заведе управен спор пред Врховниот суд на Македонија,

Член 12

Во постапката за остварување на посебниот додаток се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Член 13

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на условите и начинот на остварувањето на посебниот додаток бр. 02-224/2 од 15 април 1988 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-570/10
27 декември 1988 година
Прилеп

Претседател,
**Лазар Ангелески,** с. р.

58.

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81), и член 34 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Прилеп, Собранието на Општинската СИЗ за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА УЧЕСТВОТО ВО ОПРЕМУВАЊЕТО НА ПРВОРОДЕНО ДЕТЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат условите и начинот на остварувањето на учеството во опремувањето на првородено дете.

Член 2

Учеството во опремувањето на првородено дете се обезбедува во вид на пакет-опрема.

Член 3

Учеството во опремување на првородено дете во вид на пакет-опрема се остварува за секое првородено дете во семејството, ако мајката има постојано место на живеење на подрачјето на општината Прилеп.

Член 4

Барањето за добивање на пакет-опрема за првородено дете се поднесува до Општинската СИЗ за општествена заштита на децата, во рок од 30 дена пред утврдениот термин за породување, односно до 60 дена по породувањето.

Пакет-опремата може да се добие пред раѓањето на детето врз основа на наод и мислење на надлежната организација на здружен труд од областа на здравството дека породувањето ќе настапи во рок од 30 дена.

Ако пакет-опремата не е добиена пред раѓањето на детето, пакетот може да се добие во рок од 60 дена, од денот на раѓањето на детето со доказ извод од матичната книга на родените за детето.

Кон барањето се пополнува изјава дека детето е првородено во семејството.

Ако родителите живеат одвоено, пакет-опремата се дава на мајката на детето, односно на лицето кај кое детето се наоѓа на згрижување, подигање и воспитување.

Член 5

Преку Републичката СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, со производителот ќе се регулира цената на пакет-опремата, содржината, квалитетот и др.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на условите и начинот на остварувањето на учеството во опремувањето на новородено дете бр. 02-224/3 од 15 април 1988 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-570/11
27 декември 1988 година
Прилеп

Претседател,
**Лазар Ангелески,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СТРУГА

**59.**

Врз основа на член 7 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струга и член 276 од Статутот на општината Струга, Соборот на здружениот труд на Собранието на општината — Струга на седницата од 28 декември 1988 година и Собранието на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струга, на седницата од 27 декември 1988 година, рамноправно донесоа

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ШТО ГИ ОБЕЗБЕДУВААТ РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ И ГРАЃАНИТЕ ОД ОПШТИНАТА СТРУГА ЗА ДЕЈНОСТА НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги обезбедуваат работните луѓе и граѓаните за дејноста на основното воспитание и образование во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за 1989 година.

Член 2

Стапките на придонесите на изворните приходи за дејноста на основното воспитание и образование во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струга, за 1989 година изнесуваат:

— придонес од бруто личен доход од работен однос во стопански и нестопански дејности по стапка од 5%;

— организациите од основното, средното насочено образование, Заводот за унапредување на предучилишното воспитание и образование, (ученичките домови), социјалната заштита и работните организации за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст ќе плаќаат придонес од личен доход по стапка од 2,50%;

— организациите што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности ќе плаќаат придонес од личен доход по стапка од 3,50%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 2%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност по стапка од 12%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струга", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-7269/1
28 декември 1988 година
Струга

Бр. 02-656/3
27 декември 1988 година
Струга

Собрание на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата —

Претседател,
**Петре Радески,** с. р.

Собор на здружениот труд
Претседател,
**Слободан Бебекоски,** с. р.

Собранието на општината — Струга
Претседател,
**Данило Бакрачески,** с. р.

**60.**

Врз основа на член 7 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струга и член 276 од Статутот на општината Струга, Соборот на здружениот труд на Собранието на општината Струга, на седницата од 28 декември 1988 година и Собранието на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Струга, на седницата од 27 декември 1988 година, рамноправно донесоа

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ШТО ГИ ОБЕЗБЕДУВААТ РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ И ГРАЃАНИТЕ ОД ОПШТИНАТА СТРУГА ЗА ДЕЈНОСТА НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СТРУГА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Се утврдуваат стапките на придонесите што ги обезбедуваат работните луѓе и граѓаните од општината Струга за дејноста на општествена заштита на децата во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за 1989 година.

Член 2

Стапките на придонесите за 1989 година што ги плаќаат обврзниците за дејноста на општествена заштита на децата во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата Струга по извори изнесуваат:

— придонес од бруто личен доход од работен однос, по стапка од 1,60%, освен од ОЗТ во: основното, средното насочено образование, ученичките домови, социјалната заштита и работните организации за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст кои што плаќаат по стапка од 0,80%, а ОЗТ што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности плаќаат по стапка од 1,20%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 0,15%;

— придонес од бруто личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност по стапка од 0,25%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струга“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-7270/1
28 декември 1988 година
Струга

Бр. 02-656/4
27 декември 1988 година
Струга

Собрание на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата —
Претседател,
**Петре Радески,** с. р.

Собор на здружениот труд
Претседател,
**Слободан Бебекоски,** с. р.

Собранието на општината — Струга
Претседател,
**Данило Бакрачески,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

**61.**

Врз основа на член 100 и 101 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83), член 18 став 1 точка 18 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, член 255 и 257 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ“ бр. 8/85), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на заедничката седница на трите собори на делегати одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1989 година се определува во висина од 8% од бруто личниот доход на работниците во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 4,50%;

— стапката на придонесот за правата од здравствена заштита што самостојно ги утврдува Заедницата од 3,50%.

Член 2

Работните луѓе што вршат занаетчиска, угостителска и друга дејност со средства за работа над кои постои право на сопственост и работните луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат професионални дејности, должни се да плаќаат придонес за здравствена заштита и тоа:

— лица кои плаќаат придонес во паушален износ основица претставува просечниот планиран личен доход за 1989 година од 8.400.000 динари со примена на нето стапка од 15%; и

— лица кои уплатуваат придонес од стварен доход ќе се применува стапка од 9%.

Член 3

За обврзниците на придонесот за здравствената заштита од член 23 став 1 точка 5 и член 27 точка 6 од Законот за здравствената заштита (корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување — пензионери) за кои основицата е определена во нето лични примања, стапката на придонесот за здравствена заштита се утврдува во висина од 15% од нето основицата.

Член 4

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за работниците испратени на работа во странство од основните организации на здружен труд (деташирани работници), се определува во стапка во висина од 30% од утврдената основица што ја претставува:

— просечниот нето личен доход на работниците во матичната организација исплатен во претходниот пресметковен период или завршна сметка кога е испратен во странство,

— за работниците кои не оствариле личен доход во претходниот пресметковен период или завршна сметка како основица се зема исплатениот просечен нето личен доход во категоризацијата што ја има деташираниот работник

Основиците од претходниот став во текот на годината се применуваат како аконтација.

По завршната сметка утврдените основици се применуваат зголемени со просекот на зголемениот личен доход во матичната организација во годината кога деташирањето е извршено според претходниот пресметковен период или завршна сметка.

Член 5

Стапката на придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува:

1. 0,50% од доходот на основните организации на здружен труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружен труд, регистрирани како установи распоредени во областите од 1. 11 од Одлуката за единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ“ бр. 34/76 и 62/77).

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е остварениот доход на организацијата

2. 0,50% од личниот доход за обврзниците на придонесот распоредени во областите 12, 13 и 14 од Одлуката за единствената класификација на дејностите.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став претставува бруто личниот доход.

Член 6

Придонесот за повреда на работа и заболување од професионални болести по стапка од 0,50% од нето основицата ќе се пресметува и плаќа и на обврзниците на придонесот од член 28 од Законот за здравствена заштита.

Член 7

Со влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката број 0805-1157/10 од 24 декември 1987 година („Службен весник на СРМ“ број 3/88).

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0805-1123/6
27 декември 1988 година
Тетово

Претседател,
**Дивна Павлоска,** с. р.

62.

Врз основа на член 42 став 1 точка 8 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 10/83), членовите 81—86 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ“ број 8/85), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите даватели на услугите, одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕВОЗ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита што им припаѓа на осигурените лица на товар на средствата на Заедницата, а во случаите кога користат здравствена заштита на начин пропишан со Закон, Статутот и со Правилникот за начинот на остварувањето на здравствената заштита.

Член 2

Висината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита на осигурените лица изнесува:

— во рамките на подрачјето на Заедницата, само трошоци околу превозот.

— 5.000 дин. во СРМ — паушално и

— 10.000 дин. вон СРМ.

Надоместокот од претходниот став алинеја 2 изнесува:

— 100% од утврдениот износ на патување и престој кое не е пократко од 12 или подолго од 24 часа;

— 50% од утврдениот износ за патување и престој од 8—12 часа.

За патување и престој до 8 часа не следува надоместок.

За деца од 4—10 години возраст надоместокот ќе се исплатува во висина од 50% од износот определен во став 1 на овој член.

Член 3

Надоместокот на трошоците за превоз се признава во висина на трошоците за патување по најкратката релација и по основната тарифа на редовните средства за превоз во јавниот сообраќај.

Во зависност од здравствената состојба на осигуреното лице, должината на патувањето и други околности, лекарската комисија може да одреди и поинаков начин на превоз.

Превоз со кола за итна помош може да се одобри само во случај кога превозот со други средства не е возможен со оглед на итност на случајот и здравствената состојба на осигуреникот.

Член 4

Осигурените лица имаат право на надоместок на трошоци за превоз и кога превозот е извршен поради прием, испраќање или преместување од една во друга организација на здружен труд, со констатација на лекарот или здравствената организација на здружен труд дека превозот на осигуреникот е медицински оправдан — индициран.

Одредбата од ставот 1 на овој член се применува и кога осигуреникот односно осигуреното лице на кое здравствената заштита му се обезбедува во странство во смисла на одредбите на Статутот на Заедницата, се превезува од странство, со тоа што мислење за потребата од таков превоз дава лекарската комисија или установата во која осигуреното лице се лекува.

Член 5

Надоместокот на патните трошоци му припаѓа и на придружникот на осигуреното лице ако по оценка на лекарот — поединец, лекарската комисија или здравствената организација на здружен труд се утврди дека на осигуреното лице упатено на лекување или лекарски преглед во друго место му е потребен придружник за време на патувањето и престојот.

Ако на лекување или лекарски преглед се упатуваат во друго место деца на осигуреникот или дете кое осигуреникот го зел на издржување, се смета дека придружникот е потребен ако детето е помладо од 15 години, доколку не е обезбеден стручен придружник.

Член 6

Ако осигуреникот по посебни прописи има право на бесплатно возење при користење на превозни средства во јавниот сообраќај, не му припаѓа надоместок на трошоците за превоз.

Член 7

На осигуреното лице кое користи здравствена заштита спротивно на одредбите на Статутот и на Правилникот за начинот на користење на здравствена заштита, не му припаѓа надоместок на патните трошоци и трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица.

Член 8

Аванс може да се исплатува во исклучителни случаи во висина од 50% од вредноста на потребните трошоци.

Член 9

При остварување здравствена заштита надвор од подрачјето на СР Македонија, покрај надоместокот на трошоците за исхрана и патување, осигуреникот има право и на трошоци за ноќевање во висина од 10.000 динари само врз основа на поднесената потврда од организацијата каде ноќевал.

Член 10

Барањето за надоместок на трошоците за превоз, исхрана и сместување може да се поднесе во рок од 1 година по завршувањето на лекувањето односно патувањето.

Член 11

Со денот на донесувањето на оваа одлука и нејзиното применување, престанува да важи Одлуката за превоз, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварување на здравствената заштита број 0805-1157/9 од 24. XII. 1987 год. што е објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 3/88.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0805-1123/13
27 декември 1988 година
Тетово

Претседател,
**Дивна Павлоска,** с. р.

**63.**

Врз основа на член 42 став 1 точка 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 10/83), член 89, 90, 91 и 207 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ“ број 8/85), Соборот на делегатите на корисниците на услуги — работници на Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување и начинот на остварувањето правото на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош во случај на смрт на осигурено лице на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово.

Член 2

Во случај на смрт на член на семејството на осигуреникот — работникот или лице што врши самостојна професионална дејност, му припаѓа надоместок на трошоци за закоп во висина од 200.000 динари за член на семејството.

Во случај на смрт на осигуреникот, на членовите на семејството кои ги издржувал до денот на смртта им припаѓа:

— посмртна помош во висина на просекот на личниот доход од претходната година, односно на пензијата примена од последниот месец.

Член 3

Надоместокот на трошоците за закоп припаѓа на секој кој ќе изврши закоп на умрено осигурено лице, а врз основа на извод од матичната книга на умрените, здравствена легитимација на покојниот и изјава дека тие ги сносиле трошоците за закоп.

Надоместокот на трошоците за закоп припаѓа и во случај на смрт на осигуреникот или член на семејството на осигуреникот, ако смртта настанала во рок од 30 дена од денот на престанокот на својството на работник во здружениот труд или друга дејност односно престанок на својството осигуреник.

Член 4

Надоместокот на погребните трошоци за осигурено лице умрено и закопано во место на постојаното живеење, се определува и исплатува во висина на надоместокот определен според местото на закопот, ако тоа за корисникот е поповолно.

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице умрено за време на престој во странство се определува во висина на неопходно потребните трошоци за закоп во земјата во која осигуреното лице умрело.

Висината на неопходните трошоци за закоп од претходниот став ја оценува Стручната служба на Заедницата, земајќи го предвид прибавеното мислење за тоа од дипломатско-конзуларното претставништво на СФРЈ во таа земја.

Член 5

Во случај на смрт на осигурено лице упатено со болнички упат надвор од подрачјето на Заедницата, трошоците за превоз на умрениот ќе ги сноси Заедницата во целост, во случај на смрт на осигуреното лице надвор од подрачјето на Заедницата без упат, трошоците за превоз на умрениот ќе се надоместат во висина од 50% од направените трошоци. Трошоците ќе се признаваат врз основа на приложени сметки по тарифа на железницата.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице и посмртна помош број 0805-1157/8 од 24 декември 1987 година.

Бр. 0805-1123/14
27 декември 1988 година
Тетово

Претседател,
**Дивна Павлоска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ТЕТОВО

**64.**

Врз основа на член 26 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Тетово, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 19 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД НА ОЗТ ОД СТОПАНСКИ И НЕСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ И ГРАЃАНИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

I

Се утврдуваат стапките за плаќање на придонес од личен доход на вработените од ОЗТ од стопанските и вонстопанските дејности, како и граѓаните кои обавуваат дејност и тоа:

1. Придонес од личен доход од работен однос;
— за основно образование 5%,
— за општествена заштита на децата 0,90%.

2. Придонес од личен доход од земјоделска дејност;
— за основно образование 3%,
— за општествена заштита на децата 0,15%.

3. Придонес од личен доход од вршење на професионална и стопанска дејност/
— за основно образование 6%,
— за општествена заштита на децата 0,10%.

4. Придонес од личен доход за вршење на занаетчиска дејност во паушал;
— за основно образование 33%,
— за општествена заштита на децата 2%.

II

Организациите корисници на средства на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Тетово, се ослободуваат во целост од плаќање на придонесот од личен доход за основно образование и општествена заштита на децата.

Средното насочено образование се ослободува од плаќање на овој придонес во висина од 50% од утврдената стапка од член 1 на оваа одлука.

III

Оваа одлука ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0801-2683/1
19 декември 1988 година
Тетово

Претседател,
**Јованче Михајлоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

**65.**

Врз основа на член 25 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита — Тетово, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 23 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО ЗА 1989 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдува висината на стапките на придонесите што ги уплатуваат работните луѓе од доходот на ОЗТ и од личен доход од работен однос, заради обезбедување средства на Заедницата.

2. Стапките на придонесите на Заедницата се утврдуваат во висина од:

— придонес од доход од работен однос на ОЗТ од стопанството, по стапка од 0,38%;

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанството, по стапка од 0,50%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,30%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 2%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 2%;

— годишен паушален износ од општинскиот данок од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност, по стапка од 10%.

3. Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонесите на Заедницата за социјална заштита — Тетово, бр. 02-49/1 од 24 декември 1987 година, („Службен весник на СРМ“ бр. 3/88).

Бр. 02-46/4
23 декември 1988 година
Тетово

Претседател,
**Неделко Јаковчевски,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — ТЕТОВО

**66.**

Врз основа на член 33 од Законот за физичка култура и самоуправните интересни заедници за физичка култура и член 14 од Статутот за Заедницата за физичка култура, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 15 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ТЕТОВО И РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКА КУЛТУРА СКОПЈЕ ЗА 1988 ГОДИНА

I

Се продолжува важноста на одлуката број 0801-545 од 24. XII. 1987 година и во 1989 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0801-285/2
15 декември 1988 година
Тетово

Претседател,
**Никола Ристоски,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ШТИП

**67.**

Врз основа на член 196 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 19/83), член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/81) и член 26 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Штип, Собранието на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 21 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ИНТЕРЕСИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата изнесуваат:

I. За основно образование:

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанството по стапка од 4,00%;

2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанството по стапка од 2,00%;

3. придонес од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност по стапка од 2,00%.

II. За општествена заштита на децата:

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанството по стапка од 2,00%;

2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанството по стапка од 1,50%;

3. придонес од самостојно вршење на стопанската и нестопанската дејност по стапка од 2,00%.

Член 2

Од плаќање на придонеси за основно образование и за општествена заштита на децата се ослободуваат и тоа: РО за осноно воспитание и образование — „Јосип Броз Тито“, Пионерска дом — „Вита Поп Јорданова“, Завод за школство, Работнички универзитет — „Ванчо Прќе“, Детска установа — „Вера Циривири Трена“ и Детска градинка — „Астибо“ — Штип.

Член 3

ОЗТ од средното насочено образование ќе плаќаат придонес од личен доход во висина од 50% од општите стапки за основно образование и за општествена заштита на децата, а организациите од високото и вишото образование, организациите што вршат дејност заштита на културните блага и од областа на сценско-музичката дејност ќе плаќаат 70% од општата стапка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 0301/584
9 јануари 1989 година
Штип

Претседател,
**Кире Дубровски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ШТИП

**68.**

Врз основа на член 105 од Законот за здравствена заштита и член 136 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Штип, Извршниот одбор на Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Штип, на седницата одржана на 11 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува стапка за здружување на средства за здравствена заштита за 1989 година.

Средствата за здравствена заштита на Заедницата за здравствена заштита се здружуваат врз основа на програмата за работа и развој на Општинската заедница за здравствена заштита со стапка од 8% од бруто личниот доход и други примања.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на работници испратени на работа во странство од основните организации на здружен труд (деташирани работници) се определува по стапка од 25% од утврдената основица, што ја претставува месечниот просечен личен доход по работни организации испратени во годината што и претходи на годината во која е испратен работникот, во странство, односно просечниот месечен нето личен доход во матичната организација остварен во претходната година на сите работници од категоријата што ја има деташираниот работник за работници кои не оствариле личен доход во претходната година.

Основицата од претходниот став се исплатува во текот на годината како аконтација. По завршна сметка утврдените основици се пресметуваат и уплаќаат зголемени со просекот на зголемениот личен доход во матичната организација според претходната година.

Член 3

За лица кои работат по договор за дело се пресметува придонес за здравствена заштита во случај несреќа на работа и професионално заболување по стапка од 6% од исплатениот надоместок.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и уплатуваат обврзниците на придонес на начин утврден со закон и Статут на Заедницата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за здружување на средства за здравствена заштита за 1988 година број 06-15/1 од 20 јануари 1988 година и Одлуката за измени и дополнување број 06-21/1 од 16 септември 1988 година.

Бр. 06-25/2
11 јануари 1989 година
Штип

Претседател,
**Иван Хаџи Стојанов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ШТИП

**69.**

Врз основа на член 16 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Штип, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Штип, на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — ШТИП ВО 1989 ГОДИНА

I

Стапките на придонесот на доходот на организациите на здружен труд и организациите што остваруваат доход и стапките на придонесот од личен доход на граѓаните се утврдуваат:

1. 0,15% од доходот на работните организации на здружен труд;
2. 0,80% од бруто личниот доход од работен однос во нестопанството;
3. 2,00% од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност;
4. 2,00% од личен доход од самостојно вршење на професионална дејност.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 09-24/4
27 декември 1988 година
Штип

Претседател,
**Ѓорѓи Боризовски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје се води постапка за развод на брак склучен помеѓу Инан Мамуд и Кезибан Мамуд, привремено на работа во Германија, со непозната адреса на живеење.

Се повикува лицето Кезибан Мамуд во рок од 15 дена да се јави во судот за постапката за развод на брак.

Доколку не се јави во овој рок, ќе ѝ се постави привремен старател преку Центарот за социјални работи на град Скопје.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје. IV П. бр. 24/89. (13)

---

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Мисрете Ајдар од Урошевац, ул. „Братство Единство" бр. 251, против тужениот Заим Ајдар, ул. „Серава" бр. 109 — Скопје, сега со непознато место на живеење и престојување. Тужбата е поднесена со барање бракот да се разведе по вина на тужениот согласно член 52 став 2 од Законот за брак на СРМ и со барање судот да одлучи на кој од родителите ќе се додели на чување, воспитување и издржување малолетното дете на странките Гилтене Ајдари, родена на 24. VIII. 1986 година.

Се повикува тужениот Заим Ајдар да се јави во овој суд во рок од 30 дена од објавувањето на судскиот оглас во „Службен весник на СРМ" и на огласната табла на судот. Во спротивно, на истиот

ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе го застапува во постапката се додека тужениот или неговиот полномошник не се јават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XX. П. бр. 2680/88. (11)

---

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје, се води постапка за издршка на тужителите Илија и Елизабета Стрезовски, и двајцата од Скопје, застапувани од законскиот застапник мајката Мирјана Стрезовска ул. „4 Јули“ бр. 5, Ѓорче Петров, против тужениот Васко Стрезовски од Скопје ул. „Анастас Митров“ бр. 27/1-11, сега на привремена работа во Австрија, со непозната адреса. Вредност на спорот 3.600.000 динари.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во судот или да постави свој полномошник. Во спротивно, на истиот ќе му биде поставен привремен застапник од страна на адвокатот кој ќе го застапува во спорот се додека тужениот не се јави или неговиот полномошник.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XX. П. бр. 3200/88. (10)

---

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Јорданка Конеска ул. „Жегљане“ бр. 69 од Скопје, против тужениот Миле Конески на привремена работа во Германија, со непозната адреса на живеење.

Како привремен застапник на тужениот во овој спор се назначува адвокатот Лазаров Жикица од Скопје, кој ќе ги застапува интересите на тужениот се додека тужениот или негов полномошник не ќе се појават пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, V. П. бр. 3045/88. (24)

## ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен граѓански спор за зголемување на издршка по тужбата на тужителката Даниела Радовиќ од Скопје, ул. „Крсте Асенов“ бр. 1/3-19, против тужениот Радослав Радовиќ од Скопје, сега со непозната адреса на живеење во Република Франција. Вредност на спорот 450.000 динари.

Се повикува тужениот Радослав Радовиќ од Скопје, да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас, или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење, а во смисла на член 86 од ЗПП.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена на истиот ќе му биде одреден привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП и член 85 од ЗПП кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот се до окончувањето на постапката или до неговото појавување во судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, IX. П. бр. 278/89. (12)

---

Пред овој суд е заведен граѓански спор за развод на брак по тужбата на тужителот Мемедов Демир од Скопје, со стан на ул. „Славеј Планина“ бр. 13, со тужената Мемедова Перјан од Скопје, со непозната адреса на живеење. Вредност на спорот 150.000 динари.

Се повикува тужената Мемедова Перјан од Скопје, сега со непозната адреса на живеење да се јави во рок од 30 дена во овој суд по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење или престојување.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена и не достави точна адреса на живеење на истата судот ќе и одреди привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП кој ќе ги штити нејзините интереси пред судот се до окончувањето на постапката или до нејзиното појавување во судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, IX. П. бр. 368/89. (25)

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Куртеши Џавид од Скопје, ул. „Брсјачка Буна“ бр. 37, против тужената Зурафа Куртеши, со непозната адреса во СР Германија. Се известува тужената Зурафа во рок од 30 дена да се јави во судот и да достави своја адреса на живеење.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, VIII П. бр. 2007/88. (14)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

Пред Општинскиот суд во Прилеп е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Снежана Пајкароска од Прилеп, ул. „Блаже Ивановски“ бр. 15, против тужениот Пајкароски Трајко од Прилеп, сега на привремена работа во Австралија, со непозната адреса.

Се повикува тужениот Пајкароски Трајко од Прилеп, да се јави пред овој суд во рок од 30 дена, да ја достави својата адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, судот по истекот на овој рок преку Центарот за социјални работи во Прилеп ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Прилеп, П. бр. 422/88.

---

Пред овој суд заведен е спор за поништување на договор за подарок, по тужбата на тужителот Велкоски Никола од Прилеп, ул. „Кирил и Методиј“ бр. 18, против тужениот Велкоски Благоја со непозната адреса, на привремена работа во Австралија.

Се повикува тужениот Велкоски Благоја од Прилеп, да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена, ќе биде застапуван од привремениот старател.

Од Општинскиот суд во Прилеп, П. бр. 1435/88. (8)

---

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак, доделување на малолетник и досудување на издршка, по тужбата на тужителот Шабан Ајрулов од Кавадарци, ул. „Димката Габерот“ бр. 38, и Бинас Ајрула, застапуван од законскиот застапник таткото Шабан, а против тужената Адберка Ајрулова, моминско Џабировска, од Прилеп ул. „Дабнички завој“ бр. 23/24, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Адберка Ајрулова од Прилеп, да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена, ќе биде застапувана од привремен старател.

Од Општинскиот суд во Прилеп, П. бр. 1173/88. (23)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за зголемување на издршка — измена на одлука за издршка по тужбата на малолетните тужители Фатиме Деари и Африме Деари, двајцата од с. Селце, против тужениот Рамадани Сали Деар од с. Шипковица.

Се повикува тужениот Рамадани Деар од с. Шипковица, на привремена работа во СР Германија со непозната адреса да се јави во рок од 30 дена во судот, да достави точна адреса или да одреди полномошник кој ќе го застапува во постапката по овој предмет по објавувањето на огласот.

По истекот на овој рок на тужениот ќе му се постави привремен застапник преку Центарот за социјални работи Тетово, кој ќе го застапува до правосилното окончување на постапката по предметот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 89/89. (22)

Пред овој суд се води спор од тужителот Исмаили Халил од с. Г. Речица, против тужените Исмаили Меџит, Исмаили Малиќ од с. Г. Речица и Изаири род. Исмаили Севдије од Тетово сега со непозната адреса во Западна Германија.

Се повикува тужената Изаири род. Исмаили Севдије од Тетово ул. „Цетинска“ бр. 106 сега со непозната адреса во Западна Германија да се јави во рок од 30 дена пред судот или во истиот рок постави застапник во земјата. Доколку тужената не се јави, судот ќе и постави привремен застапник кој ќе ги застапува нејзините интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1587/89. (21)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за смеќавање на владение по тужбата на тужителот Љазим Рустеми и други од с. Г. Речица, против тужениот Сулејмани Иљаз од с. Г. Речица. Вредност на спорот 50.000 динари.

Се повикува тужениот Сулејмани Иљаз од с. Г. Речица, сега со непозната адреса на привремена работа во СР Германија да се јави во рок од 15 дена пред судот, да достави адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, судот на истиот ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1276/88. (20)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово, се води спор за долг по тужбата на тужителот Идриз Асани од Тетово, ул. „Д. Г. Кара“ бр. 17, против тужениот Абдултаип Ќаили од Тетово, сега со непозната адреса во Чехословачка. Вредност на спорот 200.000 динари

Се повикува тужениот Абдултаип Ќаили од Тетово, да се јави во рок од 15 дена пред овој суд, постави свој полномошник или да ја достави својата адреса. Во спротивно, по истекот на овој рок судот ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1760/88.

---

Пред овој суд се води спор за долг по тужбата на тужителот Бајрами Назиф од с. Шипковица, против тужениот Адеми Рафи од Тетово, кој сега се наоѓа со непознато место на живеење во Германија.

